РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РЕСЕН
бр 10-1020/2
06. 05 2025 год
РЕСЕН

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), член 88 од Закон за Општа Управна Постапка („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 124/2015, 65/2018) и член 50 став 1 точка 11 од Закон за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/2002), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер од барателот [redacted], ул. [redacted], со број 10-1020/1 од 07.04.2025 година, Градоначалникот на Општина Ресен го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

**Барањето за пристап до информации од јавен карактер** од барателот [redacted], ул. [redacted] заверено под број 10-1020/1 од 07.04.2025 година поднесено до имателот на информацијата Општина Ресен **СЕ УВАЖУВА**.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот на информацијата [redacted], преку пошта на Општина Ресен поднесе барање на ден 07.04.2025 година заверено под број 10-1020/1 со кое побара преку електронска пошта да му биде доставен електронски запис од следната информација: дали основните училишта, детските градини, општински установи и јавни претпријатија имаат противпожарна опрема (апарати и хидранти) и кога последен пат се проверени.

Постапувајќи по барањето на барателот и по извршената проверка на побараните информации, Општина Ресен Ве информира за следното при добиени одговори од јавните објекти при Општина Ресен и тоа Дом на Култура поседува противпожарни апарати и секоја година се контролирани и сервисирани, во сите објеки кои се во сопственост на ЈКП Пролетер имаат противпожарни апарати и сервис за истите е извршен во месец Март 2025 година, ОУ “Гоце Делчев” има противпожарна опрема од кои 14 противпожарни апарати и 10 хидранти и извршен е годишен сервис и контрола на 18.04.2025, ООУ “Браќа Миладиновци” има противпожарна опрема 4 апарати и сервис е направен на ден 18.04.2025 година, Детска Градинка “11 Септември” имаат функсионална противпожарна опрема и сервисирани биле на ден 03.04.2025 година додека хидрантите на ден 17.01.2024, ООУ “Мите Богоевски” имаат исправен хидрант и противпожарни апарати и сервисирани беа на ден 18.04.2024 година, ООУ “Славејко Арсов” има 7 противпожарни апарати и редовно се сервисирани, ООУ “Димитар Влахов” има противпожарни апарати и истите годишно се сервисираат.

Врз основа на горенаведеното, а во согласност со член 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 101/2019), Општина Ресен се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

**Градоначалник на Општина Ресен**
**Јован Тозиевски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА РЕСЕН
РЕСЕН